04-653

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ ИНТЕРНЕТ МАРКЕТИНГ И МАРКЕТИНГ ПРЕКУ СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ, НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ

Врз основа на член 173 од Законот за високото образование, член 30 и 31 од Правилникот за критериумите за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 01.3.2019 година, донесе Одлука со број 02-378/4 од 05.03.2019 година за формирање Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област: бизнис менаџмент по предметот: Интернет маркетинг и во научната област маркетинг по предметот: Маркетинг преку социјални медиуми. Рецензентската комисија е во состав: проф. д-р Сашо Јосимовски, проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска и проф. д-р Снежана Ристевска Јовановска. По разгледувањето на пристигнатите пријави, Комисијата го изготви рефератот во согласност со член 173 од Законот за високото образование и член 33, 34, 35 и 36 од Правилникот за критериумите за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и во врска со тоа го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс за наставник за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област: бизнис менаџмент по предметот: Интернет маркетинг и во научната област маркетинг по предметот: Маркетинг преку социјални медиуми, објавен на 01.02.2019 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“, се јави еден кандидат: д-р Димитар Јовевски, вработен на Економскиот факултет-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје како доцент по предметот Интернет маркетинг.

БИОГРАФИЈА

Кандидатот **д-р Димитар Јовевски** е роден на 20.7.1983 година во Скопје. Средното образование го завршил во ДСУ „Никола Карев" во Скопје со одличен успех. Во 2002 година се запишал на Економскиот факултет во Скопје на департманот за менаџмент. Во 2005 година, по завршувањето на третата година од студиите со просечен успех 9,39 го продолжил образованието на Универзитетот за професионална едукација „Фонтис“ во Ајндховен, Холандија, каде што и дипломирал во јануари 2007 година. Во декември 2007 година е избран во звањето помлад асистент на група предмети од областа на е-бизнис на депарманот по Е-бизнис, на Економскиот факултет-Скопје.

Во 2007 година се запишал на втор циклус на студии по МБА-менаџмент, а во 2008 на втор циклус студии по Е-бизнис менаџмент. Заклучно со јуни 2009 година ги положил предвидените 9 испити со просечен успех 9,00. Во април 2011

кандидатот успешно го одбранилсвојот магистерски труд на тема „Интернет маркетинг стратегии и техники за развој и унапредување на работењето на компаниите“, и се стекнал со звањето магистер на економски науки од областа на Е-бизнисот.

Во октомври 2011 година пријавил докторска дисертација со наслов „Е-бизнис модели за веб-базирано социјално вмрежување на компаниите во Република Македонија “, под менторство на проф. д-р Сашо Јосимовски. Докторската дисертација успешно ја одбранил на 7 мај 2014, со што се стекнал со титулата – научен степен - доктор на економски науки.

Во август 2014 година е избран за доцент на предметот Интернет маркетинг на департман по Е-бизнис, на Економскиот факултет во Скопје, каде успешно до ден денешен ја изведува наставата и вежбите.

Во периодот од септември 2014 – декември 2016 носител е на лиценцата за дигитален маркетинг издадена од страна на Хаб Спот, САД.

Во изминатиот период, кандидатот постојано научно се усовршувал, објавил голем број на научни трудови и учествувал на голем број меѓународни конференции, семинари, обуки и работилници.

Кандидатот д-р Димитар Јовевски одлично го владее англискиот јазик, а има познавање и од францускиот јазик. Исто така, кандидатот одлично ги владее и ги користи софтверските апликации MS Office, SPSS, AMOS, R и VisualPLS.

1. НАСТАВНООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот д-р Димитар Јовевски има скоро дванаесетгодишно работно искуство како помлад ассистент и асистент по група предмети од областа на е-бизнис при Економскиот факултет-Скопје. Од август 2014 година, па до денес, кандидатот е ангажиран во изведување вежби и настава по повеќе предметни дисциплини, меѓу кои Интернет маркетинг, Методи на продажба, Е-бизнис апликации во виртуелно окружување на првиот циклус на студии, и Интернет маркетинг алатки и апликации и Интернет маркетинг на вториот циклус на студии. Во изведување на наставата, кандидатот успешно применува современи наставно-образовни методи, со помош на кои успешно им го пренесува на студентите знаењето од областа на е-бизнисот, поттикнувајќи ги на креативност, критичко размислување и интерактивност. Покрај изведување на наставата, кандидадот, бил вклучен во развивање на нови наставни програми на предмети кои се дел од наставната програма на Економски факултет-Скопје.

Дополнително, покрај предавањата, кандидатот целосно е ангажиран околу организирање на испитите и колоквиумите, вклучен во оценување и изготвување на испитни прашања, доделување и оценување на проектни задачи на студентите, менторство на семинарски трудови, дипломски и магистерски трудови, како и секојдневни консултации со студентите од сите академски години на студирање на прв и втор циклус студии.

Во изборниот период, кандидатот бил ментор на 1 магистерски труд и 58 дипломски работи, а учествувал и како член во комисија за оцена и одбрана на 1 докторска дисертација, 20 магистерски трудови и 138 дипломски работи.

Во Образец 2 кој е составен дел на овој Извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот од областа на наставно-образовната дејност.

2. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Кандидатот д-р Димитар Јовевски во изборниот период има објавено 25 труда, од кои 7 труда во меѓународно научно списание, 13 труда во зборник на трудови од научен собир со меѓународен одбор и 5 труда објавени во зборник на трудови на високо образовна институција:

1. Jovevski D., Blagoeva K.T., Mijoska M., "Big data adoption in selected companies of the retail sector in the Republic of Macedonia" KNOWLEDGE – International Journal Vol. 28.1, December, 2018, pp.187-193 ISSN 2545-4439 (printed) ISSN 1857-923X (e-version).
2. Јовевски Д., „Ценовната стратегија базирана на вредност кај компаниите" Годишник на Економски факултет - Скопје, Том 53 С. 1–654 Скопје, 2018, pp.171-173, ISSN 0489-0922.
3. Kiselicki M. Josimovski S., Kiselicka M., Jovevski D., "Analysis of e-recruitment methods through SNWS, with special emphasis on the Republic of Macedonia" Journal of sustainable development, vol. 8, issue 21 (2018), 3-18 pp. 19-35, udc: 336.747(4-672eu).
4. Jovevski D., Blagoeva T. K., "Loyalty programs success on social media-experience of the Republic of Macedonia", KNOWLEDGE – International Journal Vol. 26.1, 2018, pp.111-117, ISSN 2545-4439 (printed) ISSN 1857-923X (e-version)
5. Jovevski D., Nikolovska D., Jovanovska R.,S., Belshoska M.,M, "Effects and benefits of the obligatory implementation of electronic public procurement system" - KNOWLEDGE – International Journal Vol. 22.1 March, 2018, pp.273-281, ISSN 2545-4439 (printed) ISSN 1857-923X (e-version).
6. Trenevska B., K., Josimovski S., Mijoska M. and Jovevski D., "Determinants of analytics usage to improve customer engagement in chosen macedonian companies" - KNOWLEDGE – International Journal Vol. 22.1, March, 2018, pp.187-193, ISSN 2545-4439 (printed) ISSN 1857-923X (e-version).
7. Јовевски Д., Китевски Д., „Влијанието на социјалните мрежи на маркетинг стратегија" Годишник на Економски факултет - Скопје, Том 52 С. 1–584 Скопје, 2017, pp.123-139. ISSN 0489-0922
8. Matevska F., Jovevski D., Josimovski S., Pulevska I.L., Ristevska J.S., "The impact of advertisements through mass media on consumer`s desires to buy products – a case study for the private mobile operator one.vip, Master International – Research and Development Center - MIRDEC. Conference Proceedings, 2017, ISSN 9786058311725
9. Blagoeva T. K., Josimovski S., Mijoska M., Jovevski D., "Assessment of the digital maturity in selected industries in the Republic of Macedonia – Third international scientific-business conference Limen 2017, Belgrade, Conference Proceedings – Leadership & Management: Integrated Politics of Research and Innovations, pp. 572-579, 2017, ISBN 978-86-80194-09-7.
10. Jovevski D., Matovska M., Jovanovski K. "*Digital technology usage in the Macedonian civil society sector*"- 26th International Scientific Conference on Economic and Social Development - "Building Resilient Society", "Book of Proceedings" - "Building Resilient Society", 2017, pp.555-562 ISSN 1849-7535

11. Petrovska J., Jovevski D., Josimovski S.,"Strategic IST implementation in public companies in the Republic of Macedonia ", Proceedings from the 21st International Scientific Conference Strategic Management and Decision Support Systems in Strategic Management, 2016, pp.527-532. UDC 334.72:004(497.7)
12. Јовевски Д., Мемеди М., „Влијанието на социјалните медиуми врз однесување на потрошувачите-процес на одлучување" Годишник на Економски факултет - Скопје, Том 51 С. 1–604 Скопје, 2016, pp.123-139 ISSN 0489-0922.
13. Jovevski D., Josimovski S., Pulevska I.L., Ristevska J.S. Jaulevska J., "E-learning based on cloud computing - empirical research for the Republic of Macedonia" The Review of Social-Economic Perspectives – RSEP-Conference Proceedings, 2016, pp.203, ISBN 978-605-307-447-2
14. Јовевски Д., „Анализа на организациските фактори клучни за успешното користење на веб-базирано социјално вмрежување кај компаниите" Годишник на Економски факултет - Скопје, Том 50 С. 1–704 Скопје, 2015, pp.179-199,ISSN 0489-0922.
15. Serafimovska M., Jovevski D., Jovanovski K., "Risk Disclosure Practices in Annual Reports of Listed Companies: Evidence from a Developing Country", Research Journal of Finance and Accounting, Vol. 6, No. 1, 2015 pp. 184-192, ISSN: 2222-1697 (Paper), 2222-2847 (Online).
16. Josimovski S., Pulevska I. L., Jovevski D., Sandev Z., "Key business factors for companies' competitiveness through e-business implementation", *7th International Scientific Conference "European Union Future Perspectives: Innovation, Entrepreneurship and Economic Policy"* Conference Proceedings, 2015, pp. 152-161
17. Mijoska M., Trenevska B. K., Josimovski S., Pulevska I. L., Jovevski D. "Measuring the level of business process maturity in banking sector in the Republic of Macedonia" - *Proceedings from XXI Scientific and Business conference YU INFO 2015*, Conference proceedings - Information Society of Serbia, , 2015, pp. 67-72. ISSN: 978-86-85525-15-5
18. Levkov, N., Mijoska, M., Jovevski, D., „Social media marketing activity in Western Balkan banking industry", MIPRO 2015 - 38th International Conference on Information and Communication technology, electronics and microelectronics, DE-GLGPS - Digital Economy and Government/Local Government/Public Services, Croatia, 2015 pp.1563- 1569 IEEE Catalog Number: CFP1539K-DVD ISBN: 978-953-233-085-4
19. Serafimoska, T. M., Atanasovski, A., Jovanovski, K., Jovevski, D. & Kuzmanova, A. "Applying Performance Measurement Systems for Efficient Incentive Systems – Practice from the Companies in Macedonia" *Proceedings of the 8th International Scientific Conference on Economic and Social Development,* Varazdin Development and Entrepreneurship Agency, 2014, pp.423-432. ISBN 978-953-6125-14-2
20. Jovanovski, K., Jovevski, D., Atanasovski, A., Trpeska, M. & Kuzmanova, A. "Dollarization and the Macroeconomic Policies", *Proceedings of the 8th International Scientific Conference on Economic and Social Development,* Varazdin Development and Entrepreneurship Agency, 2014, pp.128-139.

21. Јовевски Д., „Компаративна анализа на различни бизнис-модели за веб-базирано социјално вмрежување". Годишник на Економски факултет-Скопје, Том 49 С 1-500 2014 година, pp. 139-155, ISSN 0489-0922.
22. Josimovski S., Jovevski D, Pulevska I. L., Cobanova V., "Empirical evidence of success factors for mobile commerce adoption in the Republic of Macedonia using TAM-model" – *CEA Journal of Economics*, Volume 9, Issue 2, December 2014, pp. 15-23, ISSN 1857-5250, UDK 33.
23. Josimovski S., Jovevski D., "Critical success factors on company's business performances through web-based social networks", *17th edition of the CEA Journal of Economics*, Volume 9, Issue 1, 2014, ISSN 1857-5250, UDK 33.
24. Josimovski S., Ivanovska P.L., Postolov K., Jovevski D., "Usage of social networking in companies on Macedonian market-comparative analysis", *Economic outlook*, Vol.16, N.1, 2014, ISSN 1450-7951, ISSN (online) 2334-7570 UDK 33.
25. Jovevski D., & Tijan E., "E-business Models for Web Based Social Networks in the Republic of Macedonia", *Proceedings of the International Conference MIPRO 2014, Opatija, Croatia, , pp. 1693-1699 ISBN 978-953-233-078-6*

Покрај, приложените и публикувани научно-стручни трудови, кандидатот д-р Димитар Јовевски приложил импресивна листа на научно-стручни собири и конференции во домашни и меѓународни рамки на кои одржал пленарни и секциски предавања.

Во Образец 2 кој е составен дел на овој Извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот од областа на научноистражувачката дејност.

3. СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Покрај наставно-образовната и научно-истражувачката дејност, кандидатот д-р Димитар Јовевски е активен и во стручно-применувачката дејност, односно бил активен на повеќе полиња од поширок академски и општествен интерес.

Како дел од стручно-применувачката дејност во изборниот период, кандидатот бил вклучен при изготвување и десеминација на научно-образовен национален проект, под наслов „Дигитализација на бизнис процесите на претпријатијата во Република Македонија за подобрување на ефикасноста и иновативноста", на повик на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 2014 година. Дополнително кандидатот е член на уредувачки одбор за подготовка и издавање на Годишник на Економскиот факултет-Скопје, од 2014 година па навака, потоа член на програмски одбор за јубилејот 65 години Економски факултет – Скопје во 2015 година, како и член на организациски одбор на 8-тата меѓународна летна школа „Trends and challenges for the global accounting profession", која се одржала во 2018 година.

Кандидатот д-р Димитар Јовевски во изборниот период има учествувано и во бројни факултетски комисии:

- претседател на Комисија за попис, 2016
- член на Библиотечен одбор, јуни 2015

- член на Комисија за евалуација на наставниците и соработниците кон наставно образовниот процес на Економскиот факултет – Скопје, септември 2014-септември 2018
- член на Комисија за промоција на Економски факултет-Скопје (2015, 2016,2017,2018)
- члена на Комисија за веб на Економски факултет-Скопје, септември 2017
- член на Комисија за спроведување на дел од активностите утврдени со Конкурсот за упис на студенти на прв циклус на студии во учебните: 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет-Скопје.
- член на Рецензентска комисија за избор на демонстратори на Катедрата по Е-бизнис, Економски факултет – Скопје, 2016, 2015 година.
- член на Комисија за истражување на пазар
- член на Комисија за спроведување на тестирања
- член на Комисија за изработка на предметни програми за прв и втор циклус на студии
- член на Комисија за евалуација на прв циклус на студии
- член на Комисија за односи со јавност на Економски факултет-Скопје
- член на Комисија за промоција на Економскиот факултет на дигиталните медиуми

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на конкурсните материјали, Рецензентската комисија констатира дека единствен пријавен кандидат на конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната областа: бизнис менаџмент по предметот: Интернет маркетинг и во научната областа маркетинг по предметот: Маркетинг преку социјални медиуми објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" од 01.02.2019 година, е д-р Димитар Јовевски. Кандидатот ги исполнува законските општи услови и посебните услови според Правилникот за критериумите за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната областа: бизнис менаџмент по предметот: Интернет маркетинг и во научната областа маркетинг по предметот: Маркетинг преку социјални медиуми. По проучувањето на приложената документација од кандидатот и увидот во објавените трудови, Комисијата е едногласна во мислењето дека:

- Кандидатот д-р Димитар Јовевски поседува седумгодишно работно искуство како асистент по група предмети од областа на е-бизнис и петгодишно работно искуство како доцент по предметот: Интернет маркетинг на Економскиот факултет-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
- За време на својот ангажман, кандидатот д-р Димитар Јовевски со успех, професионално и одговорно, исполнително и со максимална ангажираност и совесност ги извршувал сите активности во рамките на високообразовната дејност на Факултетот. Во едукативниот процес има користено современи

методи на предавање, остварувајќи интерактивна комуникација со студентите. Во овој контекст, треба да се истакне дека станува збор за квалитетен и одговорен наставно-научен кадар, пред кого стои можност за уште поголемо напредување во кариерата и унапредување на наставните предмети и матичниот факултет во целина како врвна високообразовна институција во земјата.

- Забележителна е научно-истражувачката активност на кандидатот д-р Димитар Јовевски која се гледа од бројните трудови објавени, пред сè, на меѓународни конференции и списанија. Ова го претставува кандидатот како солиден и афирмиран научен работник и како самостоен истражувач од областа на бизнис менаџмент и маркетинг.
- Во поткрепа на горенаведеното одат и податоците за остварените вкупни 173,44 бода на кандидатот за неговиот досегашен ангажман во наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-применувачка дејност (прилог: табела Образец 2 на рецензентскиот извештај).

Врз основа на понапред искажаните стојалишта, Рецензентската комисија е наполно уверена дека кандидатот д-р Димитар Јовевски, со својата досегашна работа во наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-применувачката дејност, со стручно-научните квалитети и изразениот интегритет и морални вредности се претставува како високопрофесионален наставно-научен работник и истражувач на областа на бизнис менаџмент и маркетинг. Поради тоа, во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за посебните условите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Рецензентската комисија има задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да го избере д-р Димитар Јовевски во звањето **вонреден професор од научната областа бизнис менаџмент по предметот: Интернет маркетинг и во научната областа маркетинг по предметот: Маркетинг преку социјални медиуми**

Скопје, 15.3.2019

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Сашо Јосимовски, претседател
2. Проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска, член
3. Проф. д-р Снежана Ристевска Јовановска, член

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Кандидат:
Димитар Јордан Јовевски
Институција:
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје
Научна област: **бизнис менаџмент (50603), маркетинг (50325)**

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Ред. Број	Општи услови	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: __9.39______ Просечниот успех на втор циклус изнесува: _____9_____ Просечниот успех изнесува ____/______за интегрираните студии.	ДА
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: бизнис менаџмент (50603), маркетинг (50325), Поле: Економски науки (503) Организациски науки и упрвување (менаџмент) 506, Подрачје: Општествени науки (5).	ДА
3	Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	ДА
3.1	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1.Назив на зборникот: Knowledge International Journal 2.Назив на меѓународниот собир: KNOWLEDGE IN PRACTICE – KIP ISSN 2545-4439 3.Имиња на земјите: Бугарија, Романија, Хрватска 4. Наслов на трудот: Big data adoption in selected companies of the retail sector in the Republic of Macedonia 5. Година на објава: 2018	
3.2	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји	

	1.Назив на зборникот: Book of Proceedings" 26 th International Scientific Conference on Economic and Social Development - "Building Resilient Society", 2.Назив на меѓународниот собир: 26th International Scientific Conference on Economic and Social Development – "Building Resilient Society" 3.Имиња на земјите: Велика Британија, Австрија, Хрватска 4. Наслов на трудот: Digital technology usage in the Macedonian civil society sector 5. Година на објава: 2017	
3.3	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1.Назив на зборникот: Conference Proceedings – Leadership & Management: Integrated Politics of Research and Innovations, ISSN 978-86-80194-09-7, 2.Назив на меѓународниот собир: Third international scientific-business conference Limen 3.Имиња на земјите: Словенија, Србија, Хрватска 4. Наслов на трудот: Assessment of the digital maturity in selected industries in the Republic of Macedonia 5. Година на објава: 2017	
3.4	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1.Назив на зборникот: Conference Proceedings – 2nd RSEP Multidisciplinary Conference 2.Назив на меѓународниот собир: The Review of Social-Economic Perspectives – RSEP, 2nd RSEP Multidisciplinary Conference 3.Имиња на земјите: САД, Турција, Бугарија 4. Наслов на трудот: E-learning based on cloud computing - empirical research for the Republic of Macedonia 5. Година на објава: 2016	
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1.Назив на зборникот: Proceedings of the 8th International Scientific Conference on Economic and Social Development ISSN 978-953-6125-14-2 2.Назив на меѓународниот собир: 8th International Scientific Conference on Economic and Social Development 3.Имиња на земјите: Хрватска, Словенија, Германија 4. Наслов на трудот: Dollarization and the Macroeconomic Policies 5. Година на објава: 2014	
4.	Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: 27.08.2014, Универзитетски билтен бр. 1080	

5.	Има способност за изведување на високообразовна дејност	ДА

Членови на комисијата

1. **Проф. д-р Сашо Јосимовски**
2. **Проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска**
3. **Проф. д-р Снежана Ристевска Јовановска**

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Димитар, Јордан Јовевски**
Институција: **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје**
Научни области: **50603 бизнис менаџмент, 50325 маркетинг**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Одржување на настава** (неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар * бодување * години на изведување на настава); (бодување: 0,04) <u>Прв циклус студии</u> ▪ Интернет Маркетинг (4*15*0,04*4=9,6) ▪ Методи на продажба (4*15*0,04*4=9,6) ▪ Е-бизнис апликации во виртуелно окружување (4*7*0,04*2=2,24) <u>Втор циклус студии</u> ▪ Интернет маркетинг алатки и апликации (3*4*0,05*4=2,4) ▪ Интернет Маркетинг (3*4*0,05*2=1,2)	**25,04**
2.	**Настава во школи и работилници** (раководител 1,5; учесник 1) ▪ Раководител на работилница на тема: “Digital Advertising” за членовите на Студентскиот парламент на Економски факултет – Скопје, во организација на Студентскиот парламент на Економски факултет – Скопје, одржана во Пехчево, 14-16 октомври 2016 година.	**1,5**
3.	**Одржување на вежби** (неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар * бодување * години на изведување на вежби); (бодување:0,03) ▪ Интернет Маркетинг (4*15*0,03*4 = 7,2) ▪ Методи на продажба (2*15*0,03*4 = 3,6) ▪ Е-бизнис апликации во виртуелно окружување (2*7*0,03*2=0,84)	**11,64**
4.	**Подготовка на нов предмет** (предавања 1; вежби 0,5) ▪ Маркетинг преку социјални медиуми на департман Маркетинг на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет-Скопје.	
	▪ предавања	**1**
	▪ вежби	**0,5**
5.	**Консултации со студенти** (број на студенти*бодување); (бодување:0,002) ▪ Интернет маркетинг (115*0,002=0,23) (2014/2015г.)); (122*0,002=0,24 (2015/2016г.)); (120*0,002=0,24 (2016/2017 г.)) и (95*0,002=0,19) (2017/2018г.)) Методи на продажба (111*0,002=0,22) (2015/2016г.); (438*0,002=0,87) (2016/2017г.); (525*0,002=1,05) (2017/2018) и (354*0,002=0,7) (2018/2019 г.) Е-бизнис апликации во виртуелно окружување (25*0,002=0,05) (2015/2016г.)); (39*0,002=0,078 (2016/2017 г.))	**3,86**
6.	**Ментор на дипломска работа**	**11,6**

	(број на менторства * бодување); (бодување: 0,2) ▪ (58 * 0,2 = 11,6)	
7.	**Член на комисија за оцена или одбрана на докторат** (број на комисии * бодување); (бодување:0,7) ▪ (1*0,7 = 0,7)	**0,7**
8.	**Член на комисија за оцена или одбрана на магистерска** (број на комисии * бодување); (бодување:0,3) (20*0,3 = 6,0)	**6**
9.	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** (број на комисии * бодување); (бодување: 0,1) ▪ (138*0,1 = 13,8)	**13,8**
10.	**Пакет материјали за одреден предмет** (број на пакет материјали * бодување) ▪ (5*1=5)	**5**
	Вкупно	**71,34**

НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Ментор на магистерски труд** (2 поени) ▪ (1*2=2)	**2**
2.	**Учесник во национален научен проект** (3 поени) ▪ „Дигитализација на бизнис процесите на претпријатијата во Република Македонија за подобрување на ефикасноста и иновативноста" – Економски факултет – Скопје (2013-2014)	**3**
3.	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот** ▪ Kiselicki M. Josimovski S., Kiselicka M., Jovevski D., "Analysis of e-recruitment methods through SNWS, with special emphasis on the Republic of Macedonia" Journal of sustainable development, vol. 8, issue 21 (2018), 3-18 pp. 19-35, udc: 336.747(4-672eu). (5*0,6=3,0) ▪ Serafimovska M., Jovevski D., Jovanovski K., (2015) "Risk Disclosure Practices in Annual Reports of Listed Companies: Evidence from a Developing Country", Research Journal of Finance and Accounting, Vol. 6, No. 1, 2015 pp. 184-192, ISSN: 2222-1697 (Paper), 2222-2847 (Online) (5*0,8=4,0) ▪ Josimovski S., Jovevski D., Pulevska I. L., Cobanova V., "Empirical evidence of success factors for mobile commerce adoption in the Republic of Macedonia using TAM-model" – *CEA Journal of Economics*, Volume 9, Issue 2, December 2014, pp. 15-23 ISSN 1857-5250, UDK 33 (5*0,6=3,0) ▪ Josimovski S., & Jovevski D., "Critical success factors on company's business performances through web-based social networks", *17th edition of the CEA Journal of Economics*, Volume 9, Issue 1, 2014 ISSN 1857-5250, UDK 33. (5*0,9=4,5) ▪ Josimovski S., Ivanovska P.L.,Postolov K., Jovevski D., "Usage of social networking in companies on Macedonian market-comparative analysis", *Economic outlook*, Vol.16, N.1, 2014, ISSN 1450-7951, ISSN (online) 2334-7570 UDK 33 (5*0,6 = 3)	**17,0**
4.	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор** ▪ Jovevski D., Nikolovska D., Jovanovska R.,S., Belshoska M.,M, "Effects and benefits of the obligatory implementation of electronic public procurement system" - KNOWLEDGE – International Journal Vol. 22.1	**6,0**

	March, 2018, pp.273-281, ISSN 2545-4439 (printed) ISSN 1857-923X (e-version). (5*0,6=3,0) ▪ Trenevska B., K., Josimovski S., Mijoska M. and Jovevski D., "Determinants of analytics usage to improve customer engagement in chosen macedonian companies" - KNOWLEDGE – International Journal Vol. 22.1, March, 2018, pp.187-193, ISSN 2545-4439 (printed) ISSN 1857-923X (e-version). (5*0,6=3,0)	
5.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** ▪ Jovevski D., Blagoeva T. K., "Loyalty programs success on social media-experience of the Republic of Macedonia", KNOWLEDGE – International Journal Vol. 26.1, 2018, pp.111-117, ISSN 2545-4439 (printed) ISSN 1857-923X (e-version). (5*0,9=4,5) ▪ Matevska F., Jovevski D., Josimovski S., Pulevska I.L., Ristevska J.S., "The impact of advertisements through mass media on consumer`s desires to buy products – a case study for the private mobile operator one.vip, Master International – Research and Development Center - MIRDEC. Conference Proceedings, 2017, ISSN 9786058311725. (5*0,6=3) ▪ Petrovska J., Jovevski D., Josimovski S.,"Strategic IST implementation in public companies in the Republic of Macedonia ", Proceedings from the 21st International Scientific Conference Strategic Management and Decision Support Systems in Strategic Management, 2016, pp.527-532. UDC 334.72:004(497.7) (5*0,8=4,0) ▪ Josimovski S., Pulevska I. L., Jovevski D., Sandev Z., "Key business factors for companies' competitiveness through e-business implementation", *7th International Scientific Conference "European Union Future Perspectives: Innovation, Entrepreneurship and Economic Policy"* Conference Proceedings, 2015, pp. 152-161 (5*0,6=3,0) ▪ Mijoska M., Trenevska B. K., Josimovski S., Pulevska I. L., Jovevski D. "Measuring the level of business process maturity in banking sector in the Republic of Macedonia" - *Proceedings from XXI Scientific and Business conference YU INFO 2015*, Conference proceedings - Information Society of Serbia, , 2015, pp. 67-72. ISSN: 978-86-85525-15-5 (5*0,6=3,0) ▪ Serafimoska, T. M., Atanasovski, A., Jovanovski, K., Jovevski, D. & Kuzmanova, A. "Applying Performance Measurement Systems for Efficient Incentive Systems – Practice from the Companies in Macedonia" *Proceedings of the 8th International Scientific Conference on Economic and Social Development,* Varazdin Development and Entrepreneurship Agency, 2014, pp.423-432. ISBN 978-953-6125-14-2 (5*0,6=3,0) ▪ Levkov, N., Mijoska, M., Jovevski, D., „Social media marketing activity in Western Balkan banking industry", MIPRO 2015 - 38th International Conference on Information and Communication technology, electronics and microelectronics, DE-GLGPS - Digital Economy and Government/Local Government/Public Services, Croatia, 2015 pp.1563-1569 IEEE Catalog Number: CFP1539K-DVD ISBN: 978-953-233-085-4 (5*0,8=4,0) ▪ Jovevski D., & Tijan E., "E-business Models for Web Based Social Networks in the Republic of Macedonia", *Proceedings of the International Conference MIPRO 2014, Opatija, Croatia, , pp. 1693-1699 ISBN 978-953-233-078-6 (5*0,9=4,5)*	**29,0**
6.	**Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција** ▪ Јовевски Д., „Ценовната стратегија базирана на вредност кај компаниите" Годишник на Економски факултет - Скопје,.Том 53 С. 1–	**9,6**

	654 Скопје, 2018, pp.171-173. ISSN 0489-0922 (2 поени) ▪ Јовевски Д., Китевски Д., „Влијанието на социјалните мрежи на маркетинг стратегија" Годишник на Економски факултет - Скопје,.Том 52 С. 1–584 Скопје, 2017, pp.123-139. ISSN 0489-0922 (2*0,9=1,8) ▪ Јовевски Д., Мемеди М., "„Влијанието на социјалните медиуми врз однесување на потрошувачите-процес на одлучување" Годишник на Економски факултет - Скопје,.Том 51 С. 1–604 Скопје, 2016, pp.123-139. ISSN 0489-0922 (2*0,9=1,8) ▪ Јовевски Д., „Анализа на организациските фактори клучни за успешното користење на веб-базирано социјално вмрежување кај компаниите" Годишник на Економски факултет - Скопје,.Том 50 С. 1–704 Скопје, 2015, pp.179-199. ISSN 0489-0922 (2 поени) ▪ Јовевски Д., „Компаративна анализа на различни бизнис-модели за веб-базирано социјално вмрежување". Годишник на Економски факултет-Скопје, Том 49 С 1-500 2014 година, pp 139-155. ISSN 0489-0922 (2 поени)	
7.	**Учество на научен/стручен собир со реферат** (усна презентација 1; постер 0,5) <u>Усна презентација</u> ▪ Презентација на труд со наслов: "Big data adoption in selected companies of the retail sector in the Republic of Macedonia" на 19th International Conference – KNOWLEDGE IN PRACTICE – KIP" која се одржа 16-19 декември 2018 во Банско, Бугарија. ▪ Презентација на труд со наслов: "Loyalty programs success on social media- experience of the Republic of Macedonia", 17th International Scientific Conference THE POWER OF KNOWLEDGE 27.09 - 30.09. 2018, Agia Triada, Thessaloniki, Greece. ▪ Презентација на труд со наслов: "*Digital technology usage in the Macedonian civil society sector*"- 26th International Scientific Conference on Economic and Social Development - "Building Resilient Society", 8-9 December, 2017 Zagreb. ▪ Презентација на труд со наслов: "E-learning based on cloud computing - empirical research for the Republic of Macedonia, The Review of Social-Economic Perspectives - RESP, Мадрид, Шпанија, 2-4.10.2016 година ▪ Презентација на труд со наслов: "The impact of advertisements through mass media on consumer`s desires to buy products – a case study for the private mobile operator one.vip, Master International – Research and Development Center - MIRDEC, Будимпешта, Унгарија, 4-6.04.2017 година ▪ Презентација на труд со наслов: "Applying Performance Measurement Systems for Efficient Incentive Systems – Practice from the Companies in Macedonia" *Proceedings of the 8th International Scientific Conference on Economic and Social Development,* 19 декември 2014, Загреб, Хрватска. ▪ Презентација на труд со наслов: "Dollarization and the Macroeconomic Policies", *Proceedings of the 8th International Scientific Conference on Economic and Social Development,* 19 декември 2014, Загреб, Хрватска. ▪ Презентација на труд со наслов: "Usage of social networks in supporting the activities of the Macedonian civil society sector" на меѓународната конференција: Silver Jubilee Conference of the 25th Anniversary of the MBA Management Master Studies: „Management Challenges in Solving the Contemporary Economic Problems", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје, 17-18 ноември	**8,0**

	2017, Скопје.	
8.	**Апстракт објавен во зборник на конференција** (меѓународна 1 поен) ▪ Atanasovski, A., Jovevski, D., Jovanovski, K., "Students' Skills and Knowledge Gap Assessment for Better Employability in Accounting Practice", 7th International Scientific Conference "European Union Future Perspectives: Innovation, Entrepreneurship and Economic Policy " organized within SMART INNO, 21-23 May 2015, Pula Croatia ▪ Jovevski, D., Jovanoska, R. S., "Digital marketing usage in SMES in Macedonia, an empirical study" 10th International Scientific Conference Theoretical and empirical aspects of economic science – 60 years of challenges and opportunities 1st November, 2018, Belgrade ▪ Jovevski, D. Matevska, M., (2017): "Usage of social networks in supporting the activities of the Macedonian civil society sector", Book of Abstracts of the Silver Jubilee Conference of the 25th Anniversary of the MBA Management Studies, November 17-18, 2017, Skopje.	**3**
	Вкупно	**77,6**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Учество во промотивни активности на факултетот/институтот** (0,5 поени) ▪ Учество во промотивни активности „Отворен ден на Економски факултет – Скопје", во Скопје (2014, 2015, 2016, 2017,2018) (5*0,5=2,5) ▪ Учество во промотивни активности на Економски факултет – Скопје во средни училишта во Скопје и низ Македонија (2014, 2015, 2016, 2017,2018) (5*0,5=2,5)	**5,0**
Дејности од поширок интерес		
1.	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** (1 поен) ▪ Член на програмски одбор за јубилејот 65 години Економски факултет – Скопје, 2015 ▪ Член на одбор за издавање на Годишник на Економски факултет – Скопје, (2014,2015, 2016,2017,2018) ▪ Член на организациски одбор на 8-тата меѓународна летна школа „ "Trends and challenges for the global accounting profession", 15-21 јули, 2018, Охрид.	**7,0**
2.	**Студиски престој во странство** (до три месеци 0,5 поени) ▪ Универзитет FONTYS, за применети науки, 2014	**0,5**
3.	**Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект** (носител 1, соработник 0,5) ▪ Соработник во изготвување и пријавување на научен национален проект: "Дигитализација на бизнис процесите на претпријатијата во Република Македонија за подобрување на ефикасноста и иновативноста"	**0,5**
4.	**Член на факултетска комисија** (0,5 поени – се однесуваат за еден мандатен период) ▪ Претседател на комисија за попис, 2016 ▪ Член на библиотечен одбор јуни 2015- јануари 2019 ▪ Член на комисија за евалуација на наставниците и соработниците кон наставно образовниот процес на Економскиот факултет –	**11,5**

	Скопје септември 2014-септември 2018 ▪ Член на комисија за промоција на Економски факултет-Скопје (2015, 2016,2017,2018) (4*0,5=2,0 поени) ▪ Члена на комисија за веб на Економски факултет-Скопје септември 2017-јануари 2019 ▪ Член на комисија за спроведување на дел од активностите утврдени со Конкурсот за упис на студенти на прв циклус на студии во учебните: 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет-Скопје. (4*0,5=2,0 поени) ▪ Член на рецензентска комисија за избор на демонстратори на Катедрата по Е-бизнис, Економски факултет – Скопје, 2016,2015 година. (2*0,5=1,0 поени) ▪ Члена на комисија за истражување на пазар ▪ Члена на комисија за спроведување на тестирања ▪ Члена на комисија за изработка на предметни програми за прв и втор циклус на студии ▪ Члена на комисија за евалуација на прв циклус на студии ▪ Члена на комисија за односи со јавност на Економски факултет-Скопје ▪ Члена на комисија за промоција на Економскиот факултет на дигиталните медиуми (4*0,5=2 поени) ▪	
	Вкупно	**24,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**71,34**
НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**77,6**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**24,5**
Вкупно	**173,44**

Членови на комисијата

1. **Проф. д-р Сашо Јосимовски**
2. **Проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска**
3. **Проф. д-р Снежана Ристевска Јовановска**

Бр. 02-1102/5

Дата.03.06 2019 година

Врз основа на член 110, 174 и 175 од Законот за високото образование (Сл.весник на Р.Македонија бр.82/18), и член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно – научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр.411 од 5.11.2018 година), Наставно – научниот совет на седницата одржана на ден 31.5.2019 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

1. Кандидатот д-р Димитар Јовевски, се избира за наставник во научната област: бизнис менаџмент по предметот: Интернет маркетинг и во научната област: маркетинг по предметот: Маркетинг преку социјални медиуми.
2. Д-р Димитар Јовевски се стекнува со наставно – научно звање вонреден професор започнуввајќи од денот на донесување на оваа одлука.
3. Д-р Димитар Јовевски согласно Законот за високото образование се избира за вонреден професор за период од 5 години, односно во периодот од 31.5.2019 до 30.5.2024 година.
4. Платата на д-р Димитар Јовевски ќе се утврди со посебно решение.

О б р а з л о ж е н и е

На конкурсот за избор на наставник во сите наставно – научни звања во научната област: бизнис менаџмент по предметот: Интернет маркетинг и во научната област: маркетинг по предметот: Маркетинг преку социјални медиуми, објавен во Нова Македонија и Коха на ден 1.2.2019 година, се пријави само кандидатот д-р Димитар Јовевски.

Рефератот на Рецензентската комисија е објавен во Билтенот на Универзитетот бр.1189 од 1.4.2019 година.

Против изготвениот реферат на Рецензентската комисија во предвидениот рок, не е поднесен приговор.

Одборот за соработка и доверба со јавноста на Економскиот факултет – Скопје, на седницата одржана на ден 16.4.2019 година, даде позитивно мислење за предлогот наведен во објавениот рецензентски извештај.

Наставно – научниот совет на седницата одржана на ден 31.5.2019 година, го прифати предлогот на Рецензентската комисија во состав:

- Проф. д-р Сашо Јосимовски
- Проф. д-р Лидија П. Ивановска
- Проф. д-р Снежана Р. Јовановска

И го избра д-р Димитар Јовевски за наставник во наставно – научно звање вонреден професор, во научната област бизнис менаџмент, по предметот: Операциони истражувања и во научната област: применета економија по предметот: Основи на бизнис аналитика.

Прилог на оваа одлука претставува рецензентскиот извештај.

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Оваа одлука да се достави до: д-р Димитар Јовевски, оддление за финансиско и материјално работење, одделение за студентски прашања, раководител на катедра, персонално досие, досие на седницата и архива.

Изработил:Д.К

В.Д ДЕКАН

Проф. д-р Сашо Јосимовски